**МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ**
11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

До

Д-р Бисера Костадиновска Стојчевска

Министер за култура

# Извештај

За извршени работи и работни задачи од 1 јануари до 31 декември 2022 година

**Подносител на извештајот:**

**м-р Даниела Николова**

**Директор на**

**НУ Музеј на македонската борба за самостојност**

**Скопје**

Извештајот ја прикажува работата врз секоја од нејзините надлежности и се состои од две генерални целини: стручен дел каде што е претставена работата на

- стручните кадри на Музејот којшто впрочем ја претставува и интегралната дејностна Музејот во рамките на институциите на културата и

- општ дел за работата на Музејот кадешто се прикажани сите аспекти на работата на Музејот од аспект на административно-технички елементи, соработката на Музејот со сродни и други организации, тековни дејствија

Во извештајната 2022 година Музејот продолжи доследно да ја остварува својата дејност согласно законските надлежности со целосна примена на одредбите од Законот за култура, Законот за музеите и Законот за заштита на интегралната дејност на Музејот во рамките на институциите на културата.

**МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ**
11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

## В О В Е Д

Во текот на работењето, Музејот во целост ја исполнуваше својата примарна дејност, на тој начин што истовремено работеше на тековните активности кои произлегуваат од законските нормативи пропишани во Законот за култура, Законот за музеите и Законот за заштита на културното наследство и во реализација на Проекти со кои се зајакнува основната музејска дејност на институцијата. Во рамките на реализацијата на проектите, оваа година Музејот реализираше повеќе проекти кои претставуваа дел од Годишната програма од национален интерес во културата на Министерството за култура, но реализиравме исто така и вонпрограмски активност се со цел да ја промовираме културата и културното наследство.

НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје и во 2022 година продолжува со реализација на проекти подржани од Министерството за култура на Република Северна Македонија.

НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје оваа 2022 година реализира повеќе проекти од обласката на музејска дејност и заштита на нематеријалното културно наследство:

## I. МУЗЕЈСКА ЕВИДЕНЦИЈА НА ДВИЖНИОТ МАТЕРИЈАЛ

Поаѓајќи од значењето на музејската документација од почетокот на 2022 година продолживме посветено да работиме со внесување, обработување и укоричување на инвентарните книги. Се изработија и укоричија три инвентарна книга.

Започнавме процес на **регистрација на музејски збирки** во соработка со Управата за заштита на културното наследство

- **Национално-револуционерен период**
- **Македонија помеѓу двете светски војни**
- **Македонија во втора светска војна**
- **Македонија во повоениот период**
- **Дрвени предмети и покуќнина**

**2. Превентивни мерки и заштита**

Непосредна и превентивна заштита на приоритетен музејски фонд на хартија ( продолжение на активности) е проект во соработка со Национална установа НУБ "Климент Охридски-Скопје "–Сектор за конзервација на хартија и во изминатиот период се направи увид на целокупниот музејски материјал на хартија кој е дел од музејската експозиција во постојаната поставка. За истите е планирано да се спроведат комбинирани конзерваторски истражувања со кои ќе се утврдат применетата технологија и техника на изработка на добрата,како и степенот и причините на оштетеност. Непосредна и Проектот истиот е креиран во соработка со НУБ „Св. Климент Охридски" Скопје како надлежна специјализирана конзерваторска–реставраторска лабораторија за библиотечни фондови, со цел спроведување на целосна заштита на движно културно наследство (на хартија).

**3. Реорганизација и уредување на депото во НУ Музеј на македонската борба за самостојност - Скопје**

Согласно Правилникот за стандардите за одредување на видовите на музеите, за нивната работа, за сместување и чување на музејските предмети и музејската документација, НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје направи реогранизација на музејското депо и формира нови музејски збирки со класификација на предметите. Имено музејскиот материјал и музејските предмети се дислоцирани од привремено во постојано депо. Со цел класифицирање на музејските материјали и предмети, во постојаното депо се обезбеди опрема за сместување и чување, соодветна на видот на музејските предмети со кои располага музејот и воедно се обезбедија потребните микроклиматски услови дефинирани според горенаведениот Правилник. Во процесот на реорганизирањето на музејското депо и дефинирањето на музејските збирки, се формира работна група за дислокација на музејскиот фонд со архивски број 02-61/2 од 24.01.2022 година. Во работната група беа вклучени кустосите и помошно техничките лица од музејот и две лица ангажирани како надворешни соработници, кои по спроведување на активностистите доставија Записник за дислокација на музејски материјали и музејски предмети/артефакти (музејски фонд) од привременото депо,во подземна просторија – депо (1/3).

**МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ**
11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

## II. ПРОЕКТИ ПОДДРЖАНИ И РЕАЛИЗИРАНИ ОД ГОДИШНАТА ПРОГРАМА

### ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА МУЗЕЈСКАТА ПОСТАВКА - „МАКЕДОНИЈА ВО ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА“ 1914-1918

Во врска со споменатиот проект кој се реализира во рамките на Годишната програма на НУ Музеј на македонската борба за самостојност – Скопје за 2022 година, финансиски подржан од Министерството за култура на Република Северна Македонија, во периодот од 15 до 25 февруари 2022 година Стручните лица спроведоа истражувања во Државниот архив на РСМ во Скопје по што се зафатив со детален преглед и обработка на одбраните документи како и нивен превод од бугарски и српски јазик на македонски јазик. Заради успешна реализација на истиот проект во траење од три работни дена во периодот од 30.03.2022 до 01.04.2022 година вршев истражувања кои се одвиваа во градот Битола поточно во Државниот архив на РСМ - Одделение Битола и Завод и Музеј Битола. Во врска со потребите за истражувањата ги посетив Француските воени гробишта во Битола како најголеми воени гробишта во РС Македонија во кои почиваат повеќе од 13.000 војници на француската армија загинати на Македонскиот фронт и Меморијалниот музејот подигнат по повод 100 години од крајот на Првата светска војна кој претставува спомен обележје за загинатите француски војници но и македонското цивилно население кое настрадало за време на војната. Во врска со тоа го посетив и меморијалниот споменик Тотенборг (Град на мртвите) – Германски воени гробишта изграден во помен на загинатите германски војници на Македонскиот фронт.

Во реализирањето на првата фаза се спроведоа теренски истражувања во неколку македонски градови Битола, Струмица, Дојран се со цел да се дополни со нови музејски материјали за дополнување и подготовка за реализација на новата музејска поставка.

Во првата фаза се селектираше и музејскот материјал и музејските предмети кои се дел од фондот на институцијата . Подготвена е и новата коцепција со воведни наслови, теми со наратив и содржини со предмети, фотографии и документи.

Во тесна врска со горе споменатиот проект по секое од спроведените истражувања направена е обработка и селекција на одбраните материјали како и изработка на соодветни кратки наративи поделени во неколку тематски целини. Потоа следеше уредување и

печатење на  форексите со кратка музејска нарација како и уредувањеи збогатување на витрините преку изложување на собраниот материјал од истражувањата и грижливо одбраните артефакти, документи и фотографии на богатиот музејски фонд.

Во врска со спомenатото следеше и изработка на **Каталог** со цел да дадеме една целосна и објективна слика за Големата војна, со акцент на воените случувања во Македонија и искушенијата и страдањата на кој било изложено нејзиното население.

**Досегашни проектни активности за проектот :**

Проектни активности за: „Личен фонд Анте Поповски“

Проектот предвидува „Инвентаризирање на музејските предмети и изработка на музејска документација, дигитализација на документацијата на „Личен фонд Анте Поповски“. Овој фонд (46 музејски предмети и материјали) по пат на истражување и подарок стана дел од музејскиот фонд на НУ. Музеј на македонската борба во 2021 година, кога се одбележуваа 90 години од раѓањето на македонскиот книжевник, поет, есеист, публицист, академик и општественик Анте Поповски (1931-2003). Работните активности беше предвидено да се одвиваат од април до декември, но во текот на март се реализираа кабинетски истражувања за архивска документација која би го збогатила и дополнително би го верификувала првичниот фонд на музејот. Беа најдени дигитални оригинални Решенија кои сведочат за општествениот функциите кои ги исполнувал поетот и академик во период 1955-2000г.. Досега истражена е целокупна творечка библиографија на авторот и направен е увид во расположливи документарни емисии и документарни играни филмови. При изготвувањето на музејската документација исто направвме идентификацијата, опис, инвентаризацијата и поставување на инвентарна сигнатура на музејските премети. Во месец мај и јуни се направи подготовка и изработка на фотографска заштитна музејската документација како и дигитализација на ракописи од легатот на Анте Поповски. Во месец јуни направивме извештај за реализација на прв дел од проектот дел.број 05-571/1 од 24.06.2022г. и го доставивме до ресорното министерство. Во текот на реализација на проектните задачи се изготви и соодветна документација која го уредува пристапот и ракувањето на надворешните соработници со музејскиот фонд, како и навремена достава на соодветна документација до правната и сметководствената служба на музејот. Во вториот дел на проектот планираме по преведувањето на финансии од ресорното Министерство, како и според можностите за истражување на Државниот Архив на Република Северна Македонија ДАРСМ да се направат дополнителни институционални истражувања. Во консултација со дарувач Александар Поповски, дискутирано е за

можноста да се направат одредени дополнувања со нови лични предмети и аудио-визуелни материјали од творештвото на Анте Поповски.

Проектни активности “**Од чета до армија” проект во реализација**

Првата фаза од реализација проектот се рализира во првата половина ва 2022 година со теренски истражуваа во неколку градови – Битола, Велес, Прилеп. Се подготвува материјал од спроведените истражувања за подготовка и печатење на музејкси каталог.Втората фаза од реализацијата беа кабинетските истражувања и печатење на Каталог со наслов “Од чета до армија”.

**ПРОЕКТ: ЕДУКАЦИЈА**

**„МУЗЕЈСКА СЛИКОВНИЦА**“

Во рамките на Годишната програма на НУ Музеј на македонската борба за самостојност – Скопје за 2022 година,финансиски подржна од Министерството за културана Република Северна Македонија е проектот “МУЗЕЈСКА СЛИКОВНИЦА”. Станува збор за издавање на втората едукативна сликовницасо историска тематика во едиција на илустрирани публикации на музејот наменета за учениците од основните училишта. Во текот на изминатите неколку месеци во континуитет се работешена прибирање иобработка на потребните материјали по што следеше процесот напрвичното концпирање на материјалот и содржината за сликовницата. Во тесна врска со тоа се одвиваа и темелни консултации со нашите стручни и образовни соработници кои ќе дадат свој придонес во реализацијата и изработката на споменатата едукативна сликовница.Оваа сликовница ќе претставува богато илустрирана музејска публикација проследена со кратка и јасна нарација за одредени настани, историски личности и експонати кој се претставени во музејската поставка. Истата ќе биде наменета за помладата популација, но може да се намени и за децата со интелектуална попреченост со кои би сакале да оствариме поинтензивна соработка и дружење со цел да го направиме музејот отворен и достапен за сите посетители. Целта е преку прикажување на содржини релевантни за граѓата која се чува и излага во музејот, да ја привлечеме помладата публика, да промовираме разни историски, уметнички и други содржини на нашето минато и да го прошириме знаењето за истото.

Во рамките на проектот **Музеј без пречки – Музеј предизвик** изминатиот период беа одржани состаноци со соработниците вклучени во овој процес ( проект за пристапност за лицата соинвалидитет), а во веска соподготовките за реализација на проектот.

За целите на проектот беше изработена методологија за структурирани работилници за деца со сензорни попречености, односно адаптирано учење преку искуство. Се подготвија анкетни листови кои се доставија на лицата со попречености учесници во предвидените

работилници, дискусии и трибини. Во Мај 2022 година во музејот беше реализирана креативна работилница со членовите на здружението Мобилност-Скопје, акоја беше во пресрет на 30 Мај денот на мултиплекс склероза,параплегијаи дистрофија, која оваа година се одбележува под мотото Заедно поврзани на 27 мај 2022 година. На работилницата се изработуваше монистрен ќустек во техника на плетење , на која присуствуваа дел од вработените од музејот. Во разговор со учесниците беа споделени приказни и информации за потеклото и начинот на изработка на ќустекот.

Истиот ден беше одржан работен состанок во Државното училиште за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид "Димитар Влахов" од Скопје, за престојните едукативни работилници, кои се дел од овој проект.

**ЕДУКАТИВНИ И КРЕАТИВНИ РАБОТИЛНИЦИ:**

**„МУЗЕЈОТ ПРИЈАТЕЛ НА ДЕЦАТА"**

Во врска со тековниот повеќегодишен едукативен проектот „МУЗЕЈОТ ПРИЈАТЕЛ НА ДЕЦАТА" по завршувањето на Ковид мерките, заедно со колешкатабевме вопостојани контакти и консултации со нашите соработници од училиштата и центрите за лицата со попреченостисо цел да ги привлечеме и вратиме во Музејот преку организирање и реализација на едукативни, креативни и интерактивни работилници и трибини за нив. – проектот.

**МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА**

- Учество на годишна конференција на Мрежата на европски музејски организации НЕМО во 2022, е во целост реализиран со учество на 30. Годишна конференција на Европската мрежа на музејски организации НЕМО, која се одржа во Луле, Португалија од 9 до 11 октомври. Конференцијата обедини повеќе од двесте музејски професионалци од 40 држави во Европа, кои во интензивните конференциски денови дебатираа за иднината на музеите, нивната иновативност, агилност, флексибилност и начините на кои можат да се адаптираат на бројните драматични промени во светот денес.

Учесници на конференцијата – м-р Даниела Николова, директор и советникот за меѓународна соработка и односи со јавноста м-р Маја Миноска-Павловска. Во однос на реализацијата на финансискиот дел од проектот, од одобрените средства во износ од

120,000 денари, останаа неискористени 17,352 денари како резултат на грешка во благајната при исплата на средства за дневни трошоци;

- проектот за изработка на мобилната апликација е одобрен од Министерството за култура, но со многу помалку средства од реалните финансии потребни за реализација. Оттука проектот се реконципираше во консултација со директорот, и ќе се реализира во повеќе фази. Во 2022 се селектира материјал што ќе биде опфатен од апликацијата, а ќе ги содржи и сите претходни проекти наменети за различна публика. Во соработка со колегите од стручниот дел ќе се дополни со релевантен материјал од постојаната поставка за презентација пред потенцијалната публика. Не е финализирана селекцијата на клучни настани и личности за кои ќе се изработат кратки информативни текстови што ќе бидат вклучени во апликацијата. Во однос на реализацијата на средствата наменети за проектот, главниот дел од финансиите е наменет за дигитализација со методот на фотограметрија на дваесеттина музејски предмети (музејски раритети плус дополнувања) кое од технички причини (системско ажурирање на уредот за скенирање) ќе се реализира на почетокот од 2023. Во рамки на овој проект ангажираме фотограф за обезбедување нови сетови фотографиии од екстериерот, ентериерот и на посебни позиции во постојаната поставка. Дигитализацијата и фотографиите и другите материјали кои се продуцираат од оваа фаза на проектот ќе бидат вклучени во идната апликација односно веб локацијата и останатите канали на комуникација на музејот.

**ДОНАЦИИ**

Еден од приоритетите на Музејот на македонската борба за самостојност се дополнувањата со музејски предмети кои по пат на Донации посветено работам како раководно лице на оваа институција. Според евиденцијата на музејот која со отварањето на влезните и инвентаните книги и нивно регистрирање од крајот на 2018 година, отвори една од позначајните приоритети, а тоа се дополнувањата со музејски експонати- Донации од семејства на познати историски личности кои придонеле во минатото во делот на историјата, литературата, идентитетот , тоа се семејни или лични донации. На овој начин

придонесуваме да ја вратиме довербата кај граѓаните за улогата и значењето на музејските институции кои се грижат и го негуваат движното културно наследство.

Дополнети се збирките со лични предмети од поетесата **Светлана Христова-Јоциќ**, поетот, академик **Анте Поповски ,**семејни предмети од угледното семејството на **Шабан Џанѓул,** неколку значајни предмети од **Влатко Милошевски**, за периодот Прва светска војна ( албум, фотографии и една мапа), лични предмети од оперската пејачка **Милка Ефтимова**, лични предмети и фотографии од хероината – партизанка **Вера Циривира-Трена**, една значајна и ретка книга од **Илија Василевски**, вработен во Музејот , кој беше испириран од хуманоста на дарувачите , итн Во текот на оваа година по пат на Дар се донирани 282 предмети, документи и фотографии. Сите донации уредно се заверени на Нотар со изјави од семејствата кои донираа на музејот и се заверија во влезните и инвентарни книги (музејска документација).

**МУЗЕЈСКА ПРОМОЦИЈА**

Секоја комуникација со јавноста,музејот ја реализира и преку редовно ажурирање на официјалната веб-страница на која ги објавуваме сите релевантни активности и настани во музејот.Информациите на веб страницата се објавуваат на македонски и англиски јазик. Паралелно со страницата, музејот во 2022 г. продолжи со активно ажурирање на профилите на социјалните мрежи facebook и google.

Во комплексни услови за работење сепак позитивно искуство е што многубројни интернационални организаци овозможија бесплатен пристап до предавања и дискусии од еминентни светски музеолози на бесплатни дигитални платформа.

Во текот на изминатата 2022 година во НУ Музеј на македонската борба за самостојност - Скопје се одржаа вкупно **137** настани од кои **20** беа комерцијални настани, а **17** поддржани од страна на НУ Музеј македонската борба за самостојност- Скопје. Од страна на Музејот беа поддржани: промоции на книги, изложби, настани на хуманитарни здруженија и др. Што се однесува до комерцијалните настани Музејот континуирано соработува со повеќе приватни субјекти, амбасади и бројни државни институции.

Во период од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година музејот го посетија 13029 посетители од РСМ и посетители од странство од кои :

- *5798 домашни посетители групно го посетиле музејот.*
- *1515 домашни посетители индивидуално го посетиле музејот.*

- *2720 странски посетители групно го посетиле музејот.*
- *2996 странски посетители индивидуално го посетиле музејот.*

**ВОН ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТ**

Во текот на 2022 година во репрезентативната конференциска сала и во холот на музејот се организираа концерти, конференции, изложби, поетски читања, промоции на печатени публикации, обуки и.т.н .

- Соработка и изложба со Катастар на РС Македонија, која беше поставена во холот на музејот ;
- Соработка и изложба со Спомен куќа – Тодор Проески- подготовка и поставеност на изложбата во холот на музејот ;
- Соработка и изложба со уметникот Сергеј Андреевски – подготовка и поставеност во холот на мзуејот ;
- Соработка со Државниот архив на РС Македонија

**II Преадаптација на дел од простор (дополнителна музејска поставка)**

НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје, во текот на месец мај и јуни 2022 година отпочна со постапка за преадаптација на дел од простор (дополнителна музејска поставка). Со цел отпочнување на првата фаза на преадаптација на просторот за потребите на вработените и создавање соодветни услови за работа и во адаптација на канцелариски простор и простор за Библиотека, се започна во фази да се реализира и адаптира.Најпрво Музејот доби позитивно мислење од Управниот одбор, позитивно мислење од НУ Музеј на Република Северна Македонија, како матичен музеј и воедно формира интерна комисија која со Записник ја утврди постоечката состојба. Во втората фаза за преадаптација на дел од просторот (дополнителна музејска поставка) се подготви ревидирана проектна документација за преадаптација на просторот- Елаборат, со графички приказ на постојанта и новопроектираната состојба. За отпочнување на фазата за преадаптација музејот доби позитивна ревизија за фаза архитектура ( технички опис, предмер, предмер до пресметка, постоечка состојба основа, пресеци, потребни изгледи и новопроектирана состојба основи на функција,основи со коти, основи на плафони и основи на подови, карактеристични пресеци, карактеристични изгледи и др), позитивна ревизија за фаза за електрични инсталации (технички опис, предмер, предмер со пресметка, проект за јакострујни инсталации и проект за слабострујни инсталации) и позитивна ревизија за фаза конструкција (обезбедување позитивно мислење од статичар).

**МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ**
11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

Согласно Договорот за учество во финансирање на Годишната програма за работа на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје за 2022година од областа на инвестициско одржување и набавка на опрема со архивски број 50-1522/1 од 07.02.2022 година и Анекс Договорот за измена и дополна на Договорот за учество во финансирање на Годишната програма за работа на НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје за 2022година од областа на инвестициско одржување и набавка на опрема со архивски број 50-1522/5 од 20.05.2022 од предвидените активност реализирани се следните:

Фотографирање на постоечка состојба

Демонтажа на материјалите и реквизитите

Исфрлање на шут

Оптимизација и надградување на постоечката електрична инсталација

Поставување на преградни ѕидови со гипс картони

Молерисување

Целосната постапка за преадаптација на просторот ќе се заврши најдоцна до крајот на оваа 2022 година.

**Инвестиции, работни активности и потреби во Музејот** :

- Музејската постојана поставка има 13 Одделнија со површина од 6.000 км,за подобра и ефикасна заштеда на електрична енергија и за потребите на видливоста и светлосната илуминација во текот на првата половина на 2022 година се направи замена од обични со поставување на Лед светилки во поголем дел од поставката и објектот,се со цел за подобра видливост и ефикасност. Средства обезбедивме од сопствената сметка на музејот ;
- За потребите на вработените во музејот обезбедивме два персонални купјутери и два Лап Топа , од сопствена сметка на музејот;
- По подолго време, поголема површина од Музејот се искречи, се исчисти фасадата и целосно се направи дезинфекција и дератизација на просториите. Средства се обезбедија од сопствената сметка на музејот;
- Изработени се нови држачи за нови легенди на предметите и музејскит материјали, од сопствена сметка на музејот;

**МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ**
11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

- Започнавме со испитување и напон на електрична инсталација на целата површина на музејот, средства обезбедени од Министерството за култура - Инвестиции во висина од 120.000 денари;
- За потребите на новиот соодветен простор за сместување на Депото се инсталираа нови видео камери во самата просторија каде е сместено и поставено депото и две камери предсамото депо. Средства обезбедени од сопствена сметка на музејот;
- Во фаза на адаптација е простор кој е неопходен на Музејот е простор за музејска библиотека со посебни сталажи , книжен музејски фонд со изготвени сигнатури и простор за потребите на вработените или за потребите на надворешни лица за катче каде ќе имаат соодветни услови за користење на музејската литература. Од особено значење е прилагодување на простор за Библиотека во рамките на музејскиот простор, а тоа е и стандард и неопходност во секоја музејска институција;
- Редовни интервенции со канализација, влага навремено се интервенираат и санираат, поради пропусти во градбата на институцијата ;

Скопје, 15.03.2023 г.

Подготвил:

м-р Даниела Николова

Директор

НУ Музеј на македонската борба за самостојност

Доставено до: Архива на музејот; Управниот Одбор на музејот; Министерство за култура.